Република Северна Македонија
Општина Босилово

Тел./факс: 034 37 16 00
E-mail: opstinabosilovo1@gmail.com
www.opstinabosilovo.gov.mk

Бр. 03-134/1
25.01. 2022 год.

Врз основа на член 17 од Законот за младинско учество и младински политики(Службен весник на Република Северна Македонија бр.10/2020) и член 41-б од Статутот на Општина Босилово,општина Босилово на ден 25.01 2022 година,објавува

**Ј А В Е Н  П О В И К**
**ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ИНИЦИЈАТИВЕН ОДБОР ЗА КОНСТИТУИРАЊЕ НА ЛОКАЛНО СОБРАНИЕ НА МЛАДИ**

1.Општина Босилово распишува јавен повик за членови на Иницијативниот одбор во општина Босилово,кои ќе бидат дел од иницијативата за основање на Локален младински совет во општина Босилово.

2.Иницијативниот одбор е неформална група која има цел да се консултираат младите и да се застапат нивните интереси во креирањето на Советот.

- Иницијативниот одбор broи 5(пет) членови и единствено тие членови имаат улога да го формираат Локалното собрание за млади.
- Времетраењето на Иницијативниот одбор е краткорочно и завршува со свикување на првото Локално собрание на млади.
- Општината е задолжена за нивна селекција и работата на истата се координира и помага од страна на службеникот за млади во општината.

**УЛОГА И ЗАДАЧИ НА ИНИЦИЈАТИВНИОТ ОДБОР:**

-Распишува јавен повик за членство во Локалното собрание на млади во согласност со Статутот на општината по принципот на јавност и транспарентност;
-Соработка со општината при организација и одржување на Конститутивното локално собрание на млади;
-Поддршка на општината во креирањето или ревидирањето на актите и одлуките кои го уредуваат формирањето и работата на Локалниот младински совет.

**ЧЛЕНУВАЊЕ ВО ИНИЦИЈАТИВНИОТ ОДБОР**

Во Иницијативниот одбор како неформална група,преку свои номинирани лица можат да членуваат:
-младински организации;
-организации за млади;
-политички подмладоци;
-ученички и студенски организации;
- и други облици на младинско здружување кои работат и функционираат на територијата на општина Босилово и сакаат да учествуваат во основањето на Советот.

**ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ДОКУМЕНТИ:**

Организациите/здруженијата/групите заинтересирани да членуваат во Иницијативниот одбор потребно е да ги достават и следните документи:

- **ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ДОКУМЕНТИ:**
  - Портфолио на организацијата/групата/здружението;
  - Извештај за активности со млади во изминатата година,
  - Писмо со номинација за член во Иницијативниот одбор и контакт информации;
- **ДОПОЛНИТЕЛНИ(ОПЦИОНАЛНИ) ДОКУМЕНТИ**
  - Годишна програма за работа;
  - Кратко мотивациско писмо од страна на номинираното лице и негова кратка биографија.

8.Јавниот повик ќе трае **15(петнаесет)дена** сметано од денот на објавување на веб страната на општина Босилово,фб страната на општина Босилово.

7.Пријавите за членство во Иницијативниот одбор заедно со потребните документи можат да се поднесуваат лично во Архивот на општина Босилово,секој работен ден од 08,00 до 16,00 часот или по пошта на следната адреса: Општина Босилово,с.Босилово бб,со назнака **"За Јавниот повик за свикување на Иницијативен одбор за формирање на локлано собрание на млади."**

- За секоја дополнителна инфомација можете да не контактирате секој работен ден од 08,00 до 16,00 часот.

<u>**Контакт телефон за информации:**</u>
**Јасна Василева тел.071 307 887**
**Мариче Кармазичева тел.075 665 816**

**Општина Босилово**
**Градоначалник,**
**Ристо Манчев**